2011033797

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 3 и член 69 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010 и 156/2010), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 17 февруари 2011 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОВЛАСТУВАЊА И НАЧИН НА РАБОТА НА КОНТРОЛАТА НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за овластувања и начин на работа на контролата на фондот за здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 105/2010), во член 4 став 4, точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „согласно Кодексот за професионално однесување при вршење на контрола на овластените лица за контрола на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.“

Член 2

Во член 11 став 1 точката 2 се менува и гласи:

„Остварување на активности за исполнување на определени цели кај избраниот лекар се врши последниот квартал од годината на важење на договорот на репрезентативен примерок на 2.5% од целите за секоја цел поединечно за секој квартал. Начинот на пресметката и исплатата на реализираните цели е дефиниран со посебно Упатство.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-2503/8
17 февруари 2011 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Ирфан Хоџа, с.р.